**20081593290**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за животната средина,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 19 декември 2008 година.

Бр. 07-5602/1
19 декември 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 1

Во Законот за животната средина (“Службен весник на Република Македонија” број 53/2005, 81/2005 и 24/2007), во членот 212-ж став (1) износот “од 8.000 до 20.000 евра” се заменуваат со износот ”од 70.000 до 100.000 евра”.

Во ставот (2) износот “од 1.400 до 2.500 евра” се заменуваат со износот ”од 8.000 до 13.000 евра”.

Во ставот (3) износот “1.000 евра” се заменуваат со износот ”5.000 евра”.

Во ставот (7) зборовите: “може да“ се заменуваат со зборот “ќе“, како и износот “25.000 евра” се заменува со износот “130.000 евра”.

Во ставот (8) зборовите: “може да“ се заменуваат со зборот “ќе“, како и износот “30.000 евра” се заменува со износот “150.000 евра”.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.